РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4273/1
06.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Петти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Во согласност со обврските на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдени во член 76-в став 2 од Изборниот законик и врз основа на Меморандумот за соработка со Државната изборна комисија од 04.02.2016 година, Ви го доставуваме дневениот извештај за активностите поврзани со Локалните избори 2025 за 03 октомври 2025 година.

Во извештајот информираме дека Агенцијата постапи по претставка на кандидатката за градоначалник на Општина Кочани од партијата Левица, Жаклина Филипова – Свеќаровска, за дебата на Радио Кочани на која биле повикани само двајца од шесте кандидати. Управителот на радиото информираше дека поради ограничени просторни услови дебатите се реализираат со по двајца кандидати (односно како соочувања).

Агенцијата го потсети медиумот дека, согласно член 75 став 2 и 75-а став 1 од Изборниот законик, е должен да обезбеди еднаков пристап за сите кандидати во дебатите и радио соочувањата, да упати покани до сите и до крајот на кампањата да овозможи нивно учество, а евентуалните одбивања да ги наведе во програмата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**